

На ден 20.03.2019 во општина Неготино се одржа инфо – сесија за вклучување на општина Неготино во системот за донирање на вишок храна на социјално загрозени граѓани.Оваа инфо – сесија беше организирана од страна на општина Неготино во соработка со Црвениот Крст и Асоцијацијатата за чиста животна средина Ајде Македонија – Скопје.Беше одржана презенација и запознавање со системот за донирање на вишок храна “Сите сити” од страна на претставник од Ајде Македонија, г-дин Блаже Јосифовски.Досегашното функционирање на “Сите сити”има обезбедено 221,760 порции храна за илјадници социјално загрозени граѓани низ Македонија.Вклучувањето на општина Неготино во “Сите сити” има за цел во фазата на пилотирање да им помогне на социјално загрозените граѓани како и на  Дневниот Центар за лица со хендикеп Порака, а во нареднатга фаза да обезбеди одржлив систем за донирање на вишок храна со што би се помогнало на илјадници социјално загрозени граѓани во општина Неготино.Општина Неготино ги повикува сите заинтересирани правни субјекти од угостителска дејност и прехрамбена индустрија, граѓански организации и потенцијални волонтери да се вклучат во овој систем за намалување на фрлањето на храната и помош на социјално загрозени граѓани.Годинава системот е поддржан и од Министертвото за труд и социјала политика и Фондот за иновации, со цел да се види неговата одржливост и евентуално да се размислува од привремено да стане системско реешение.



